# YouthInfoComp

## Рамка на компетенции на Работник за Младинско Информирање

eryica

european youth information and counselling agency

eurodesk



**Автори:** Одри Фрајт, Сафи Сабуни, Ева Реина, Имре Сајмон

**Соработници:** Френк Чебриак, Хоаким Фреитас, Кадри Курт, Џовани Мачиони, Луис О. Рејес Торегроса, Реџина Фајфер, Сузан Скот, Сара Спитери.

**Коректура:** Џесика Вокер

**Идеја и дизајн:** Хавиер Лариос (javierlarios@me.com)

Ги презедовме сите можни чекори за следење на референците за текстови и активности до соодветните автори, и да им го дадеме потребното признание. Се извинуваме за сите пропусти кои со задоволство ќе ги исправаме во следното издание.

Објавено од ERYICA и Eurodesk, Септември 2021.

За да покажеме дека се грижиме за нашата животна средина, ова издание воглавно се дистрибуира во електронски формат. Печатените копии ги сведовме на минимум, користејќи одговорно набавена/рециклирана хартија, безалкохолно мастило и еколошки одговорна печатница.

Ова издание е лиценцирано преку  Creative Commons Attribution-NonCommercial-
NoDerivatives 4.0 International License.

# Содржина

**Предговор** **4**

**ВОВЕД** **6**

Историја 8

Партнери на Проектот 9

**ПРВ ДЕЛ**
МЛАДИНСКА ИНФОРМАТИВНА
РАБОТА ВО ЕВРОПА **10**

1.1 Што е младинска информативна работа? 11

1.2 Кои се младинските информативни работници? 12

1.3 Теми 13

1.4 Постапки 13

**ВТОР ДЕЛ**
РАМКА НА КОМПЕТЕНЦИИ НА
РАБОТНИК ЗА МЛАДИНСКО ИНФОРМИРАЊЕ **16**

2.1 Краток Преглед 17

2.2 Дефиниција 18

2.3 Области на Компетентност 19

2.4 Способности 21

2.5 Стекнати знаења 23

**Прилог 1**
Резултати **24**

# Предговор



Услугите за младинско информирање и советување играат клучна улога во преминит на младите луѓе кон полнолетство. Иако важи за добро организирана и почитувана професија, не постои едногласно воспоставена дефиниција за младински информативен работник и кои способности треба да ги поседува. Токму затоа авторите одлучија да ја создадат оваа рамка на компетенции. И покрај националните разлики, тие споделуваат заедничко разбирање на основните вредности на кои се темели професијата, како и за националните примери за добри практики. Рамката за компетентност разработена во ова издание е прва од овој вид на европско ниво, и има за цел да биде силна референца за сите земји кои се подготвени да дадат признание за професијата. Дефиницијата за младински информативен работник како професија, во базата на податоци за Европски Вештини, Надлежности, Квалификации и Професии (ESCO) и претходеше на оваа рамка за само неколку месеци.

Што тогаш претставува младинска информативна работа? Испораката на младински информации е централна задача на младинската работа, и ги споделува своите клучни вредности: таа има за цел да биде отворена за сите млади луѓе и да работи во нивни интерес, со одговори на прашања кои се важни за нив и преку обезбедување на голем спектар на активности (информирање, советување, поддршка, тренинг и обука, поврзување и упатување кон специјализирани услуги). До овие активности може да се пристапи во центрите за младинско информирање, преку услугите за младинско информирање, со помош на младинските информативни работници и други структури, преку врсниците, потоа користејќи лице в лице средби и/или преку дигиталниот простор со развој на дигитални услуги. [1]

Оваа публикација е издадена во време кога Европа и светот се справуваа со ударот од пандемијата на Ковид-19; криза која доведе до влошување на политичките, економските и социјалните прашања, и ја истакна важноста на личната

*1 Вклучи се. Информирај. Поттикни. Заземи став. Препораки од главната мрежа на Европското Младинско Информирање и Мобилност за новата Младинска Стратегија на ЕУ. EYCA, ERYICA, Eurodesk (2017).*

благосостојба, отпорноста и нашата способност да се прилагодиме на промените. Исто така, ефектите од пандемијата ги погодија младите луѓе непропорционално. Невработеноста кај младите повторно достигна рекордно високо ниво, и скоро три од четири млади лица почувствувале потреба да побараат помош во врска со нивното физичко и ментално здравје.[2] Покрај тоа, пандемијата избувна во клучен момент, или време на оформување на младите луѓе, па отткука можно е да се зголемат проблемите, особено за обесправените и ранливи категории на млади луѓе.[3] Младите луѓе ќе бидат клучни за заздравувањето на општеството, а улогата на младинските информативни работници ќе биде од суштинско значење во поддршката на младите луѓе за исполнување на нивниот креативен, граѓански и социјален потенцијал.

Рамката на компетенции за младинските информативни работници е создадена за да бидеме сигурни дека професионалците за младинско информирање ги поседуваат потребните способности за поддршка на младите луѓе и обезбедување квалитетни услуги во ова патешествие и пошироко. Ова ќе доведе до зголемен квалитет, поголемо разбирање и видливост помеѓу корисниците, креаторите на политики и учесниците, како и до создавање заедница на млади кои ќе делуваат на европско ниво.

Две европски младински мрежи за информирање и мобилност, Европската Агенција за Младинско Информирање и Советување (ERYICA) и Eurodesk, се здружија за зајакнување на младинската информативна работа, со изготвување на оваа рамка на компетенции. Тие го искористија професионализмот и искуството присутни во нивната мрежа низ цела Европа, и младинските професионалци кои се формираа работна група. Рамката која произлезе од ова, се заснова на постојните примери во различни земји, две европски истражувања, и истата е дефинирана по широки консултации. Авторите се надеваат дека тоа ќе придонесе за понатамошно признавање на младинското информирање и советување – и поради тоа не го означува крајот на ова патување, туку само почетокот.



2 *Влијанието на Ковид-19 врз менталното здравје на младите и адолесцентите. УНИЦЕФ (2020)..*
3 *Резолуција на Европскиот Парламент за влијанието на Ковид-19 врз младите и спортот (2020/2864(RSP).*

# ВОВЕД

Во денешно време младите луѓе се соочуваат со низа сложени предизвици и можности додека го градат својот идентитет, прават избори и комуницираат во своето семејство, врсници и општество. Ширум Европа, младинската информативна работа (во продолжение «МИР») има за цел да им го гарантира правото на младите луѓе на целосни и проверени информации,за да им помогне во носењето одлуки. . Младинските информативни работници (во продолжение «МИ работници «) , или било кои професионалци за младинско информирање кои обезбедуваат информации за млади, работат во различни средини и организации, и се обидуваат да ги вклучат и поттикнат младите луѓе на начин кој ја одразува реалноста и комплексноста со кои се соочуваат.

За да ја поддржат оваа работа, Eurodesk и ERYICA соработуваа со МИ работниците, и учесниците во младинскиот сектор низ ЕУ за развој на YouthInfoComp: Рамка на компетенции на Работник за Младинско Информирање.

Рамката нуди заедничка референтна алатка за опис на квалитетите (знаење, вештини и ставови) кои се бараат од МИ работници, или други професионалци во младинската работа кои обезбедуваат младински информации.

Рамката за компетентност може да дејствува како заеднички начин за идентификација, опис и развој на способностите на младинските информативни работници. Таа е дизајнирана да дејствува како комуникациска алатка за објаснување на клучната мисија на младинските информативни работници, а тое е информирање, поттикнување и поддршка на младите луѓе, како и практичен преглед и водич за делувањата, квалитетот и признавањето на младинската информативна работа во Европа.

Рамката се обидува да ја зајакне природата и идентитетот на МИР и да го поддржи нејзиното признавање и цели. Рамките за компетентност можат да инспирираат и да бидат отскочна даска за стратешко планирање, подобрување на квалитетот, развој на вештини и комуникација.

МИ работниците се во центарот на рамката на компетенции. Рамката го поддржува разбирањето и развојот на квалитетите што се бараат од младинските информативни работници, за да им пружат поддршка на младите луѓе на професионален начин. Рамката се надградува врз основа на

заедничката дефиниција за профилот на младински информативен работник, и потенцира како работниците можат да ги поддржат младите луѓе, да испорачаат квалитетна услуга, и да го зајакнат влијанието и обемот на услугите за младинско информирање.
YouthInfoComp е референтна рамка; таа не е строго наменета како опис на професионален стандард кој мора да се примени на одреден начин. Сепак, рамката го опишува минималниот сет на способности, потребни за младинските информативни работници да ги исполнат своите должности на професионален начин.

Рамката може да се прилагоди и примени во различен национален, регионален и локален контекст. Истата може да го поддржи развојот на компетентноста на индивидуалните МИ работници, заснована на филозофијата на тимовите и организациите кои доставуваат младински информации, и може да се користи за остварување на правно и професионално признавање на младинската информативна работа на национално, регионално или локално ниво.
YouthInfoComp е резултат на соработката и консултациите од страна на учесниците низ цела Европа, и ги истакнува достигнувањата и меѓунационалната природа на младинската информативна работа на европско ниво. Оваа рамка е усогласена со клучните стратешки документи, како што се Начелата на Европската Повелба за Младинско Информирање и 10те Клучни Принципи на Eurodesk, и може да се користи како дополнување на веќе воспоставените рамки за младинско информирање.

Првиот дел од ова издание ја опишува позадината на овој проект и природата на младинската информативна работа во Европа. Вториот дел ја одредува структурата и содржината на YouthInfoComp.



# Историја

Работата која доведе до развој на YouthInfoComp започна во 2019 година, кога Eurodesk доби покана од Генералната Дирекција за Вработување, Социјални работи и Инклузија (DG EMPL) при Европската Комисија, да се приклучи на ESCO Community Fora.

ESCO (Европски Вештини, Компетенции, Квалификации и Занимања) е европска повеќејазична класификација на вештини, надлежности, квалификации и професии. ESCO работи како речник или таксономија, со тоа што ги опишува, идентификува и класифицира професионалните занимања и вештини, релевантни за пазарот на труд, образованието и обуката на ЕУ.

Целта на ESCO е да ја поддржи мобилноста на работни места низ цела Европа, и со тоа да придонесе за поинтегриран и поефикасен пазар на труд, преку користење на «заеднички јазик» за професиите и вештините, кој може да биде искористен од различните учесници на темите за вработување, образование и обука.

ESCO содржи опис на 2.942 занимања и 13.485 вештини поврзани со нив, преведени на 27 јазици (сите официјални јазици на ЕУ, како и Исландски, Норвешки и Арапски). Сепак, во моментов, ESCO не вклучува опис на професијата работник за младинско информирање, или пак на вештини поврзани со неа.

Во септември 2019 година, Eurodesk, ERYICA, EC-CoE Младинско Партнерство и Центарот за Обука и Ресурси Salto, формираа партнерство за да се состави поднесок за прием во ESCO. Групата направи истражување помеѓу учесниците во работата со младинско информирање, помеѓу ноември и декември 2019 година. Истражувањето доби 103 одговори од 25 земји. Резултатите од истото беа испратени до ESCO, а во август 2020 беа испратени дополнителни податоци (дефиниција, преводи, ажурирани услови за вештини). Од ноември 2020 година, професијата на младински информативен работник (МИ работник) е вклучена во ESCO, и истата беше разгледана од страна на земјите-членки во јануари 2021 година. Нова верзија на ESCO ќе биде објавена до крајот на 2021 година.

Врз база на оваа основа, Eurodesk и ERYICA создадоа рамка на компетенции, за поддршка на развојот и разбирањето на професијата МИР и нејзините основни вредности. Потоа, беше објавен повик за формирање работна група која ќе го води процесот на развој; работната група се состана во ноември 2020 година, јануари и март 2021 година, и го надгледуваше концептуалниот развој, подготовката и советувањата за рамката и нејзиното објавување.

# Партнери на пројекту

eurodesk

european youth information and counselling agency

**Eurodesk** је европска информативна мрежа за младе основана 1990. године. Eurodesk, као организација која пружа подршку Еразмус+ програму и Стратегији ЕУ за младе, пружа свеобухватне и доступне информације о мобилностима у сврху учења младим људима и онима који раде са њима.

Са мрежом од 38 Eurodesk центара повезаних са преко 1.600 локалних провајдера информација у 36 европских земаља, Eurodesk ради на подизању свијести о европским могућностима и подстиче младе људе да постану активни грађани.

Eurodesk обједињује преко 1.600 локалних провајдера информација за младе, такозваних „мултипликатора и амбасадора" који су регионалне или локалне организације које раде са младима, пружају информације младима и савјетују младе о могућностима за мобилност.

Како би осигурао квалитет услуга у свих 36 земаља, Eurodesk својим члановима нуди квалитетну обуку и подршку, као и приступ услугама и алатима за информисање младих. Eurodesk води дигиталне услуге за младе, као што је Opportunity Finder, база података са више од 250 програма. Такође, заједно са Европском комисијом управља Европским омладинским порталом (European Youth Portal).

**Европската Агенција за Младинско Информирање и Советување (ERYICA)**, е независна европска организација, составена од 38 национални и регионални координативни тела и мрежи за младинско информирање во 26 земји. Уште од 1986 година таа работи на интензивирање на европската и меѓународната соработка во областа на младинската информативна работа и услуги. Таа развива, поддржува и промовира општо квалитетна политика и пракса на сите нивоа, со цел да се задоволат потребите за информации на младите луѓе, и да се применат начелата на Европската Повелба за Младинско Информирање. ERYICA има за цел да го поддржува правото на младите луѓе на целосни и сигурни информации, што им помага да донесат правилни одлуки за проблемите со кои се соочуваат во нивните животи, и ја поттикнува нивната самостојност, способност за критичко размислување и активно учество во општеството.

ERYICA, исто така, на национално и европско ниво се залага за вклучување на младинското информирање и советување во младинските политики и други мејнстрим области кои влијаат на младите луѓе. Од нејзиното создавање, агенцијата интензивно соработува со Советот на Европа, Европската Комисија, а неодамна и со УНЕСКО.

# Прв дел

# МЛАДИНСКА ИНФОРМАТИВНА РАБОТА ВО ЕВРОПА



# 1.1 Што е Младинска Информативна Работа?

**Младинските информации се квалитетни бесплатни информации**, кои им овозможуваат на младите луѓе да ги уживаат своите права, да донесуваат одговорни одлуки и активно да учествуваат во општеството. Услугите за младинско информирање целат кон тоа да ги поддржат и охрабрат младите луѓе, преку обезбедување целосни и проверени информации за нивните права, и опции за решавање на нивните потреби, интереси и добробит.

Работниците за младинско информирање доставуваат доверливи, прецизни и разбирливи информации до младите луѓе. Тие гарантираат дека информативните услуги ќе бидат достапни, поткрепени и пријателски, ги разбираат и решаваат потребите на младите луѓе. Исто така, ги насочуваат младите луѓе да дејствуваат самостојно и критички да размислуваат. Овие услуги имаат и извонредна превентивна функција која претставува голема корист за општеството.

Активностите за младинско информирање низ ЕУ опфаќаат широк спектар на услуги и активности, како што се информирање, советување, поддршка, тренинг, обука, лични контакти, вмрежување или упатување кон специјализирани услуги. Услугите можат да бидат сместени во различни рамки и обезбедени од најразлични актери, во различни окруженија. Активностите можат да се одвиваат онлајн и/или со физичко присуство, и да бидат насочени да допрат и кон индивидуалните и групни корисници.

МИР покрива низа теми кои ја одразуваат ширината и разновидноста на искуствата и потребите на младите луѓе. Работниците мора да ја имаат во предвид променливоста во потребите за информации на младите луѓе, да изнајдат иновативни начини да одговорат на новите социјални проблеми, да ги откријат општествените причини за проблемите со кои се соочуваат младите луѓе, да обезбедат сеопфатен спектар на информации за младите луѓе кои влегуваат во едно сложено општество, и да им помогнат да се справат со презаситеноста со информации. Ова може да вклучува упатување на младите луѓе кон други соодветни служби или извори за справување со сложени прашања, вклучително каде што е потребен правен или друг професионален совет или дејствување. [4]



*4 Овој опис е преземен од Compendium of national youth information and counselling structures (p.42). ERYICA и Советот на Европа (2015)*

## 1.2 Кои се Работниците за Младинско Информирање

***YouthInfoComp* е изграден врз следнава дефиниција за улогата на МИ работници:**

> Работниците за младинско информирање, или други професионалци кои обезбедуваат младински информации, доставуваат услуги за младинско информирање до младите луѓе во најразлични ситуации/средини со цел да ја поддржат нивната благосостојба. Тие гарантираат дека информативните услуги ќе бидат достапни, поткрепени со ресурси и привлечни за младите луѓе. Активностите можат да се одвиваат онлајн и/или со физичко присуство, и да бидат насочени да допрат и кон индивидуалните и групни корисници. Работниците за МИ имаат за цел да им овозможат на младите луѓе сами да донесат промислени одлуки, и да станат самостојни и активни граѓани.



**YouthInfoComp** е дизајниран да го одрази секој аспект на дефиницијата: корисниците, намената и целите, поставките, карактерот на обезбедените услуги и начинот на доставување, кои ја формираат природата на рамката и вклучените надлежности.

Работниците за младинско информирање имааат за цел:

- да обезбедат сигурни, непристрасни, прецизни информации кои ги засегаат младите;
- да овозможат пристап до различни извори и канали на информации;
- да дадат преглед на достапни опции за теми значајни за младите луѓе;
- да им помогнат на младите луѓе да се справат со заситеноста од информации во модерното општество;
- да се осигураат дека младите луѓе се свесни за своите права, услугите кои им се на располагање и како да пристапат до нив;
- да ги поддржат младите луѓе во процената на достапните информации и нивниот квалитет;
- да ги насочат младите луѓе во наоѓањето на најдобрите расположливи опции, и да носат сопствени одлуки;
- да понудат различни канали за комуникација и дијалог за директно подржување на младите луѓе во нивната потрага по информации и знаења; и

*[5] Преземено од Младинско Информирање и Советување во Европа во 2020 година (стр.9). ERYICA (декември 2020). Објавено според Договорот за Партнерство помеѓу Советот на Европа и Европската Агенција за Младинско Информирање и Советување (ERYICA)..*

## 1.3 Теми

YouthInfoComp (види дел 2) ја истакнува клучната улога на акумулирањето знаења во професијата МИР, како и способностите потребни за управување, пристап и проценка на информациите. Листата подолу ја одразува разновидноста на темите за кои на младото лице би му затребале информации или поддршка, но што е важно, го појаснува и опсегот на надлежности на младинскиот информативен работник, кој преку адаптирање и користење на информациите, мора да им понуди опции на младите луѓе во согласност со нивните потреби.

- Образование и обука
- Вработување
- Слободни активности
- Меѓународна мобилност
- Волонтирање
- Активно граѓанско учество
- Здравје и благосостојба
- Медиумска и информатичка писменост
- Претприемништво
- Полова еднаквост и идентитет
- Домување
- Сексуални и интимни врски
- Семејни и пријателски односи
- Правни совети
- Пристап до права
- Поддршка при насилство
- Поддршка на младина која доаѓа од неповолна и ранлива средина
- Поддршка на млади мигранти и бегалци
- Интеграција на млади со инвалидитети
- Онлајн безбедност
- Младинска картичка со поволности
- Младински хостели и сместување
- Безбедност при патување
- Управување со финансии

## 1.4 Постапки

Работата во младинско информирање се одвива во различни окружувања и ситуации. Понудените услуги можат да ги адресираат потребите на подеднакво разновидна група млади луѓе, со сложени потреби, предизвици и одлуки кои треба да се донесат. Од суштинско значење е работниците и тимовите кои обезбедуваат младински информации, да бидат опремени со неопходните квалитети за работа на ефикасни, професионални услуги, поткрепени со вредности кои им служат на потребите на корисниците за кои се наменети. YouthInfoComp е развиен за да ги одрази разновидните форми на услугите за младинско информирање, и поради тоа може да се примени во процесите на воспоставување, работа и подобрување на младинските информативни услуги, без оглед на окружувањето во кое се одвиваат.

Младинските политики во многу европски земји, обично се организирани околу три главни столба[6] :

- Младински Организации
- Отворена Младинска Работа
- Услуги за Младинско Информирање

[6] *Cërmbledhje e strukturave kombëtare të informacionit dhe këshillimit rinor (fq. 67-79), ERYICA dhe Këshilli i Evropës, (Maj 2015)*

Младинските организации комуницираат со активните млади луѓе, додека Отворената Младинска Работа се фокусира главно на ранливите групи на млади луѓе. Услугите за младинско информирање можат да бидат поопширни во обезбедувањето поддршка на сите млади луѓе; им помага да се снајдат низ сложениот спектар на граѓански информативни услуги, и да го олеснат нивниот пристап до соодветните програми и можности. Овие служби се некомерцијални субјекти и работат во согласност со начелата на Европската Повелба за Младинско Информирање [7].

Отворената, флексибилна и непристрасна природа на услугите за младинско информирање значи дека тие привлекуваат поразновидна група млади луѓе. Младите лица, како и учесниците, можат директно да се вклучат во ко-дизајнирањето на информативните услуги, за да се обезбеди испорака на навремени и соодветни информации за задоволување на променливите потреби за информирање на младите луѓе. Услугите за младинско информирање се испорачуваат независно од било какво комерцијално, политичко, религиозно или друго влијание, што би ја променило содржината на информациите по кои трагаат младите луѓе.

Бидејќи младинското информирање дејствува во различни поставки, статусот и признавањето на МИ работници се разликува од една земја до друга. Сепак, постојат елементи кои се повторуваат во природата и работењето на службите, вклучувајќи:

- Меѓународна соработка, вклучувајќи го и ангажманот во европските и меѓународните мрежи и проекти за поддршка на меѓусебното учење и соработка;
- Комуникација, вклучувајќи брендирање, подигнување на свеста и начини да се допре до младите луѓе и учесниците;
- Онлајн услугите како начин да се стапи во контакт со луѓето и да се пренесат информации;
- Резултати, вклучувајќи го и нивото и ефикасноста во следењето на услугите;
- Организациски модел, вклучувајќи национални координатори, регионални мрежи и учесници;
- Квалификации кои се бараат од работниците и тимовите за младинско информирање;
- Легислативи, политики и регулативи кои влијаат на статусот и работењето на услугата;
- Финансирање и финансиски менаџмент;
- Истражување и анализа на потребите на младите луѓе, релевантни теми и методи за услугите на младинската информативна работа;
- Структурната улога на младинските информативни услуги во контекст на националната младинска политика; и
- Идентификување и соработка со други даватели на информативни услуги.

*[7] Принципите се: Независна, Достапна, Инклузивна, Базирана на потребите, Поттикнувачка, Партиципативна, Етичка, Професионална, Проактивна. До целосниот текст на Повелбата може да се пристапи на: ЕВРОПСКА ПОВЕЛБА ЗА МЛАДИНСКО ИНФОРМИРАЊЕ — ERYICA..*

Правниот статус и управувањето со младинската информативна работа во рамките на националната младинска политика, може да варира во зависност од традициите, погледите и политичката волја на конкретната земја.

## Правен статус

Најпрво, во голем број земји не постои јасна референца за МИР во рамките на младинската политика или правната рамка на земјата, и тоа може да доведе до проблеми во национална/регионална координација во услугите. Како резултат на тоа, работниците и службите за младинско информирање може да имаат незабележителна улога во креирањето и управувањето со младинските политики, што би можело да доведе до недостаток во комуникацијата, квалитетот и на МИР.

Второ, одразувајќи ја ситуацијата во поголемиот дел од европските земји, МИР е интегриран дел од младинската работа. Во ваквите случаи, младинската информативна работа може да биде вклучена во релевантните младински политики и стратегии, па дури и предвидена со законска регулатива.

Како трето, младинската информативна работа може да биде поставена како трет столб на младинската политика, заедно со младинските организации и младинската работа, со активна улога во формирањето и имплементација на младинските политики.

## Управување

Поради различните правни статуси опишани погоре, постојат различни пристапи за управување и координација во секоја земја. Услугите за младинско информирање можат да се управуваат преку единствен национален центар, преку здружение на центри со координативно тело, преку технички координатор/поддржувач, како дел од национална агенција, или во некои случаи, и без координација[8].

За више информација о функционисању ОИР у Европи погледајте публикацију Информисање и савјетовање младих у Европи у 2020. години [9]

[8]Compendium of national youth information and counselling structures (стр.74). ERYICA и Советот на Европа, (мај 2015)

[9] Младинско информирање и советување во Европа во 2020 година (стр.9). ERYICA (декември 2020). Објавено според Договорот за Партнерство помеѓу Советот на Европа и Европската Агенција за Младинско информирање и советување (ERYICA).

# Дел втор

# Рамка на компетенции на Работник

## за Младинско Информирање



# 2.1 ПРЕГЛЕД

*Рамката за Компетентност на Работник за Младинско Информирање (YouthInfoComp) е флексибилна рамка со референци за поддршка на развојот и разбирањето на способностите на младинските информативни работници (работник за МИ) во било која средина.*

YouthInfoComp не е наменет како пропишан опис или професионален стандард кој мора да се примени на одреден начин. Рамката го наведува минималниот сет на квалификации потребни за МИ работници да ги исполнат своите должности професионално. Таа е изработена и изготвена на таков начин што може да се прилагоди и применува во различни системи.

Рамката се состои од четири дела:

1. **ДЕФИНИЦИЈА:** договорена дефиниција за профилот на работник за МИ на кој се потпира развојот на рамката за компетентност.

Рамката се однесува само на «работници за младинско информирање» и «услуги за младинско информирање», но важно е да се знае дека **доставените услуги можат да бидат поставени во различни ситуации, и да се обезбедат од различни актери со различни наслови во различни опкружувања и земји** (види Младинска Информативна Работа во Европа во Прв дел). Слично на тоа, терминот «младинска информативна работа» се користи низ целата рамка, но овој термин **опфаќа широк спектар на услуги и активности**, како што се информирање, советување, менторство, поддршка, тренинг, обука или упатување до специјализирани услуги, активности помеѓу врсници, поврзување, и ангажирање на учесниците.

2. **ОБЛАСТИ НА КОМПЕТЕНТНОСТ:** Три основни категории кои ги опишуваат способностите на работник за МИ, и ја даваат структурата на рамката за компетентност.

3. **НАЗИВИ И ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА СПОСОБНОСТИТЕ:** 12 индивидуални способности кои, заедно, ги претставуваат суштинските квалитети потребни за МИ работници да ги реализираат своите задачи на професионален начин.

4. **СТЕКНАТИ ЗНАЕЊА:** преглед на добиените резултати за анализирање на секоја компетентност во поглед на знаењето, вештините и ставовите. .

Рамката за компетентност е изработена на Англиски јазик. Националните организации и служби можат да ја преведат рамката за компетентност и оваа публикација, меѓутоа се препорачува да се координира секоја работа на преводот со други национални партнери, и со партнери во други земји кои го користат истиот јазик, за да се избегне создавањето на повеќе варијанти на истата јазична верзија.

# 2.2 ОБЛАСТИ НА КОМПЕТЕНТНОСТ

YouthInfoComp се состои од **три широки области (А1 – А3 во табелата подолу)** под наслов «Поддршка и Вклучување на Младите Луѓе», «Квалитетни Услуги» и «Комуникација и Достапност».

| | | |
|---|---|---|
| | **A1** | **ПОДДРШКА и ВКЛУЧУВАЊЕ НА МЛАДИ** покрива подготвеност за интеракција со младите, кои се крајни корисници на работата за младинското иформирање. |
| | **A2** | **КВАЛИТЕТНИ УСЛУГИ** покрива подготвеност поврзана со работните аспекти за пренос на младински информативни услуги на професионален, етички и инклузивен начин. |
| | **A3** | **КОМУНИКАЦИЈА И ДОСТАПНОСТ** покрива способности поврзани со создавање врски, и употреба на алатки и канали за да се зголеми влијанието и достапноста на улугите за младинско информирање. |

Областите и даваат структура на рамката за компетентност и ги одредуваат темите за вклучените надлежности. Истите можат да бидат корисни за повисоките цели во користењето на рамката, преку поставување основа за стратешко планирање, приоритети и дејствување.

# 2.3 СПОСОБНОСТИ

YouthInfoComp се состои од **12 способности (C1 – C12 во табелата подолу)** групирани во три клучни области на 'Поддршка и Вклучување на Младите Луѓе', 'Квалитетни Услуги' и 'Комуникација и Достапност', опишани погоре.

Секоја способност има одреден наслов и опис кој ја објаснува нејзината вредност и примена во МИР.

Не постои хиерархија во рамката; сите наведени способности се од еднаква важност.



## ПОДДРШКА И ВКЛУЧУВАЊЕ НА МЛАДИ

| | СПОСОБНОСТИ | ОПИС |
|---|---|---|
| C1 | Градење знаења | Градење и надградување на знаења на различни теми значајни за младите луѓе. |
| C2 | Идетификување на потребите | Активно слушање и вклучување на младите луѓе, за да им се овозможи да ги идентификуваат и искажат своите потреби. |
| C3 | Менаџирање со информации | Истражување, процена и управување со податоци од различни и веродостојни извори, заради овозможување релевантни, опсежни и проверени информации за младите лица. |
| C4 | Создавање можности | Приспособување на информациите и помош на млади како би ги препознале можности кои ќе ги еманципираат, ќе ја зацврстат нивната самостојност, и ќе го поддржат активното граѓанско учество. |

## КВАЛИТЕТНИ УСЛУГИ

| | СПОСОБНОСТИ | ОПИС |
|---|---|---|
| C5 | Негување на етичките вредности | Пренесување на квалитетни услуги за младинско информирање кои го бранат правото на младите на целосни и релевантни информации, што подоцна им помога да донесат одлуки и ефективни избори при предизвиците со кои се соочуваат во нивните животи. Ова им обезбедува и самостојност, способност за критичко размислување, и активно учество во општеството. |
| C6 | Поддршка на образование и развој | Обезбедување на непрекинат личен и професионален развој на индивидуалните работници, тимови и организации за младинско информирање, за обезбедување квалитет на доставените услуги. |
| C7 | Поддршка на инклузијата | Поседување на свест за културно изразување, етичко однесување, и поддршка на инклузијата и пристапот, со цел да нема дискриминација по ниту еден основ во младинското информирање. |
| C8 | Почитување на приватноста | Почитување и обезбедување на правата на младите кои се однесуваат на приватност, доверливост и самостојност. |

## КОМУНИКАЦИЈА И ДОСТАПНОСТ

| | СПОСОБНОСТИ | ОПИС |
|---|---|---|
| C9 | Градење на односи | Обезбедување поддршка и информации на личен, инклузивен начин, за да се осигураме младото лице да се почуствува самоуверено, безбедно и да се чуе гласот и мислењето на младите. |
| C10 | Ефективна комуникација | Употреба на иновативни, ефективни и соодветни начини на комуникација за креирање и доставување на интересни и прецизни информации на младите. |
| C11 | Соработка и мрежа | Проактивно препознавање и унапредување на поддршката, мрежата и можностите за соработка со други релевантни служби и засегнати страни. |
| C12 | Достапност | Имплементација на ефективни, иновативни и достапни стратегии за услугите за младинско информирање, како истите би стигнале до што повеќе млади луѓе. |

## 2.4 СТЕКНАТИ ЗНАЕЊА

Секоја компетенција, способност, е дополнително елаборирана како стекнато знаење (види прилог I). Стекнатите знаења се изјави за она што лицето го знае, разбира и е способен да го направи откако ќе заврши со учење (Cedefop, 2009). За целите на YouthInfoComp, стекнатите знаења кои се вклучени се изразени во однос на **знаењето** (разбирам...), **вештините** (можам...) и **ставовите** (мислам...).

- Секој предмет на знаење претставува специфична тема (концепти, факти и бројки, идеи и теории, стратешки области) кои МИ работници треба да се способни да ги разберат, пренесат на другите, и да ги применуваат ефикасно во својата работа.
- Секоја вештина е специфична акција или способност за спроведување на процесите кои МИ работници треба да можат да ги демонстрираат во својата работа.
- Секој став е специфично чуство или гледиште, што укажува на тоа како МИ работници треба да реагираат на идеите, ситуациите и луѓето во нивната работа.

**Стекнатите знаења се формулирани како 'Јас' изјави**, бидејќи тие главно се однесуваат на капацитетот на поединците (т.е. 'Разбирам...', 'Можам...', 'Мислам...'). Ова е за да се охрабри чувството на сопственост, и да се укаже на релевантноста на индивидуалниот работник за МИ. Меѓутоа, способностите се однесуваат и на важноста на работата со групи, тимови и соработници. Рамката може да се примени за групи од младински информативни работници, проектни тимови, ситуации на размена на работни места, па ако е потребно и цели организации.

Стекнатите знаења за секоја компетентност **се сеопфатни**, покривајќи ги суштинските надлежности на МИР, но тие **не се предвидени како исцрпна листа на фиксни и претходно одредени изјави**. МИР бара раст, иновација и препознавање на решенијата, така што МИ работници во многу случаи ќе треба да се стекнат со дополнителни квалификации, да напредуваат и да дополнително да се усовршуваат во одредени области, во зависност од потребите на нивните корисници. Стекнатите знаења го опишуваат минималниот сет на способности кои се бараат од МИ работници. Оваа листа **може да биде дополнета, прилагодена, и да се искористи како основа за развој на одредени стекнати вештини**, кои ги одразуваат националните реалности на услугите и МИ работници.

Стекнатите знаења ги сочинуваат и «трансверзалните» способности поврзани со професионализмот, меѓучовечки вештини и соработката, како и оние кои по кои профилот МИР е препознатлив, како што е способноста да се сочуствува со младите луѓе, и познавање на стратегиите поврзани со младите луѓе. YouthInfoComp нуди заедничка почетна точка за разбирање и развивање на профилот на работник за МИ, но за целосно да се прошири и адаптира мора да се користи во комбинација со други алатки.

## Степен на Напредок

Рамките на компетентноста, во некои случаи, можат да се користат за мапирање на напредокот во развојот на способностите. На пример, напредокот во познавањето на различни јазици, или во развојот на компјутерски вештини. Степенот на напредок може да помогне да се одредат различни почетни точки, да се прати учењето со текот на времето, или да се креираат насоки за учење како би се здобиле со нови способности.
Во создавањето на YouthInfoComp не се вклучени детални, претходно изработени нивоа на напредок. Таквите детални или гранулирани модели на прогресија, не можат вистински и на практичен начин да се применат во рамката, поради променливата природа на профилот на МИР, и организацијата на услугите која варира помеѓу државите и системите.
Широкиот степен на напредок во 'Основен', 'Оперативен', 'Давање овластувања' и 'Трансформациски', сепак може да се примени како показател за напредокот во развојот на способностите.

- **Основен:** се однесува за новите кандидати, обучувачи или работници кои сѐ уште не поседуваат клучни квалитети.
- **Оперативен**: се однесува за работниците кои се потврдени во нивната улога како работник за МИ, и тие можат да демонстрираат клучни способности и да се вклучат во непрекинат професионален развој.
- **Давање овластувања**: се однесува на работниците кои работат во раководство, во улога на обучувач или ментор, и на тој начин обезбедуваат поддршка за другите, и можат да ја организираат работа.
- **Трансформациски:** се однесува за работниците кои имаат капацитет да ги препознаат и спроведат промените или трансформацијата во соодветната услуга, и кои можат да работат во менаџмент и стратешки улоги.

Овие нивоа на напредок треба да се користат само како индикатори; тие можат да се користат од страна на индивидуални работници за идентификување на развојните цели, а ако се релевантни и од страна на работодавачите и менаџерите како основа за развој на поусогласени показатели за напредокот.

# 2.5 КОРИСТЕЊЕ НА РАМКАТА

**Работниците за младинско информирање можат да го користат YouthInfoComp за:**

- Да ја разберат улогата и должностите на МИ работници;
- Да ја објаснат и пренесат нивната улога на учесниците и младите лица;
- Да се пронајдат областите за подобрување во работењето со услугите;
- Да ги постават целите на професионалниот развој и да се подготват за преглед на перформансите;
- Да се детектираат недостатоци во вештините и да се постават цели за учење; и
- Да се идентификуваат релевантните можности за образование и обука.

**Организациите кои обезбедуваат услуги за младинско информирање можат да ја користат YouthInfoComp за:**

- Унапредување на разбирањето, видливоста и признавањето на профилот на МИР и услугите;
- Креирање на слободни работни места, критериуми за регрутирање и развојни планови за човечките ресурси во работниот сектор за МИ;
- Зајакнување на улогата на услугите на МИР, во креирањето и развојот на младинските услуги и политики на локално, регионално, национално и европско ниво;
- Настојување да се признае профилот на МИР на европско, национално, регионално или локално ниво;
- Да им се доловат вредностите на МИР на учесниците и младите луѓе; и
- Препознавање на потребите за развој на вештини, и можностите за образование и обука на МИ работници.



# АНЕКС 1
# СТЕКНАТИ ЗНАЕЊА



| | |
|---|---|
| **A1. ПОДДРШКА И ВКЛУЧУВАЊЕ НА МЛАДИ**  | Работниците за младинско информирање обезбедуваат наменски, персонализирани информации и опции за поддршка и влкучување на младите луѓе, засновани врз нивните потреби. Овие способности се фокусирани на развој на знаење, ангажирање и интеракција со младите, т.е. крајните корисници на младинското инфромирање.<br><br>Стекнатите резултати се изразени во форма на знаења ( јас разбирам...), вештини ( јас можам...), и ставови ( јас мислам...). |
| **C1 Градење знаењезнања** | **Градење и надоградување знаење на различни теми значајни за младите.** |
| **Јас разбирам...** | » Разновидноста и длабочината на темите кои можат да влијаат врз животот на младите.<br>» Улогата на знаењето и соработката при развојот на значајни, опсежни, потврдени информации и можности, и области за подобрување и поддршката за младите луѓе.<br>» Важноста на постојаното надоградување заради разбирање и поддршка на нивните потреби. |
| **Јас можам...** | » Да градам и применам специјализирани знаења на теми кои се значајни за младите, каде и да е потребно.<br>» Да градам и применам нови познавања за менаџирање на кариерата, вработување, и доживотно учење, значајно за младите луѓе.<br>» Да градам и применам нови знаења при слободни активности, хобија, патување и мобилност.<br>» Да градам и применам нови знаења за здравјето, благосостојбата, домување, пристап до права, човекови права, и граѓанско и социјално учество, кои се од големо значење за младите луѓе. |
| **Јас мислам...** | » Мотивираност да градам, применувам, споделувам и надоградувам знаење во сите области кои се значајни за младите. |

| **C2 Идентификување на потребите** | **Активна комуникација и соработка со младите, за да им се овозможи да ги препознаат и изразат своите потреби.** |
|---|---|
| Јас разбирам... | » Социјално-културолошкото и економско потекло на младите во локален контекст.<br>» Дека секое млада личност е посебна и може да се соочи со различни ситуации и предизвици во својот личен живот.<br>» Локалните, националните и меѓународните трендови, легислативи и околности кои влијаат врз младите луѓе. |
| Јас можам... | » Да ги поставам правилните, предвидени прашања за да обезбедам релеванти информации од младите, заради пронаоѓање на нивните основни потреби.<br>» Активно да слушам за комуникацијата со младата личност да биде без прекинување или осудување.<br>» Да го следам јазикот на телото, за да ги разберам потребите на младата лице, за навремено да пристапиме кон решавање на детектираните проблеми. |
| Јас мислам... | » Волја за да ги научам потеклото/околносите/вистинските проблеми на младите. |
| **C3 Менаџирање со информации** | **Истражување, евалуација и управување со податоци од различни, веродостојни извори заради овозможување на релевантни, опсежни и проверени информации за младите луѓе.** |
| Јас разбирам... | » Применливоста на стратегиите за истражување, заради идентификација на веродостојноста на онлајн и офлајн извори на информации.<br>» Процедурите за препознавање на точните, целосни, навремени и верификувани информации.<br>» Техниките за справување со заситеноста од информации и препознавање на дезинформациите. |
| Јас можам... | » Да создадам одржлива архива со извори на опсежни, независни, проверени информации кои се значајни за младите луѓе.<br>» Да пребарувам, пристапам, критички да вреднувам и архивирам значајни информации од онлајн и офлајн извори.<br>» Да им овозможам на младите луѓе употреба на дигитални услуги наменети за пристап кон релеванти информации и поддршка. |
| Јас мислам... | » Мотивација за активен осврт и надградување на процедурите за управување со информации, заради гарантирање на квалитетот и релевантноста на обезбедените информации. |

| C4 Создавање можности | Приспособување на информациите и помош за млади, како би издвоиле можности кои ќе ги еманципираат, ќе ја зацврстат нивната самостојност и ќе го поддржат нивното активно граѓанско учество. |
|---|---|
| Јас разбирам... | » Како да пристапам и да работам со информации, за да им понудам опции на одредена тема.<br>» Како да создадам можности кои ги налагаат идните потреби, и соодветно да подготвам превентивни мерки.<br>» Кога да ги упатам младите луѓе на други соодветни услуги или извори, за да се справат со сложени проблеми, вклучително и кога имаат потреба од правни или други професионални совети и делувања. |
| Јас можам... | » Да прилагодам сложени или општи информации во персонализирани и таргетирани можности, кои се лесно разбирливи и ориентирани кон потребите на младите луѓе.<br>» Да го поддржам младото лице во употребата на вештини на медиумска и информациска писменост, за критички да ги процени информациите, како и да распознава факти од мислења и дезинформации.<br>» Да сум отворен за соработка и поддршка на младото лице во изборот помеѓу различни можности, и носењето одлуки, без притоа да влијаам на нив. |
| Јас мислам... | » Подготвеност да истражувам, и да сум во тек со проблемите со кои се соочуваат младите луѓе, за да најдат подобри решенија на нови и веќе постоечките проблеми.<br>» Обврзаност да ги вклучам младите луѓе во процесите на креирање и распространување на младинското информирање. |

| | |
|---|---|
| **A2. КВАЛИТЕТНИ УСЛУГИ** | Работниците за младинско информирање обезбедуваат квалитетни услуги за младите луѓе, кои што се бесплатни, ги почититуваат различностите, етичките норми и приватноста и се поткрепени од култура на постојан напредок. Овие способности се фокусираат на работните аспекти од преносот на услугите за младинско иформирање на професионален, етички и инклузивен начин.<br>Стекнатите резултати се изразени во форма на знаења ( јас разбирам...), вештини ( јас можам...), и ставови ( јас мислам...). |
| **С5 Поддржување на етички вредности** | **Пренесување на квалитетни услуги за младинско информирање, во чиј состав е правото на младите луѓе за целосни и релевантни информации, кои им помагаат да донесат одлуки и ефикасен избор при предизвиците со кои се соочуваат во нивниот живот, и кои им обезбедуваат самостојност, способност за критичко размислување и активно учество во општеството.** |
| **Јас разбирам...** | » Целите, мисијата и вредносите на младинското информирање, вклучително и Европската Повелба за Младинско Информирање и Принципите на Еуродеск, и како тие се имплементираат на локално, регионално, национално или меѓународно ниво.<br>» Како да ги дефинирам личните, тимски и организациони цели базирани врз проценка на потребите, и како да разработам процес за набљудување на реализацијата на целите.<br>» Европските и меѓународни структури и области на младинското информирање, заедно со европските мрежи на соработка, политики и проекти. |
| **Јас можам...** | » Да препознаам како развојот на политиката е поврзан со младинското информирање, и да го интензивирам истото, за да промовирам разбирање и признавање на младинското иформирање.<br>» Да дефинирам и инкомпонирам лични, тимски и организациони цели, кои ја поддржуваат мисијата и вредностите на младинското инфромирање, во креирањето и одржувањето на изворите и испораката на услугите.<br>» Да креирам и учествувам во процеси кои критички ги следат, и имаат удел во напредокот на организационите и личните цели.<br>» Да користам одрживи развојни методологии во дневните практики/одредби на младинското информирање. |
| **Јас мислам...** | » Обврска да ги унапредувам и поддржам етичките вредности на младинското информирање при доставата на услуги. |

| **C6 Поддршка на образование и развој** | **Обезбедување на континуиран личен и професионален развој на индивидуалните работници за младинско информирање, тимови и организации, за обезбедување на квалитетот на доставените услуги.** |
|---|---|
| **Јас разбирам...** | » Како да го одразам, набљудувам и пратам развојот на моите способности како работник за младинско информирање.<br>» Како да поттикнам позитивен и негативен фидбек од младите луѓе, и да идентификувам области за подобрување за мене и/или мојот тим. |
| **Јас можам...** | » Да ги идентификувам областите за подобрување или новитетите во преносот на услугите од моја страна, или од страна на мојот тим, кои се однесуваат на моменталните трендови во прибирањето податоци, и повратни информации за искуствата на младите луѓе, нивните интереси и потреби.<br>» Да развијам и споделам знаења, извори и најдобрите практики со членови на тимот или колеги.<br>» Да поставам цели во врска со образованието и да организирам образовни активности, со поддршка каде што е потребна, за обезбедување на тековниот професионален развој. |
| **Јас мислам...** | » Мотивиран да учам и да создадам навики за постојано учење и унапредување внатре во мојот тим. |
| **C7 Поддршка на инклузијата** | **Развивање свест за култура на изразување, етичко однесување и поддршка на инклузијата и достапноста, со цел по ниту еден основ да нема дискриминација во младинското информирање.** |
| **Јас разбирам...** | » Моменталните концепти, методи и политики кои се однесуваат на идентитетот, културата и потеклото.<br>» Моменталните концепти и политики кои се однесуваат на сексуалната орентација, половиот идентитет и половото изразување.<br>» Моменталните концепти, методи и политики кои се однесуваат на етичките норми, вклучително еднаквост, правда, инклузија и еколошка одржливост.<br>» Моменталните концепти, методи и политики кои се однесуваат на поддршка на младите со инвалидитет и специјални потреби. |

| | |
|---|---|
| **Јас можам...** | » Да доставам информации и можности ослободени од предрасуди и без религозно, политичко, идеолошко или комерцијално влијание.<br>» Да демонстрирам етичко и инклузивно однесување во сите контакти со младите луѓе, и да промовирам етичко однесување и политики внатре во мојата организација, и меѓу членовите на мојот тим.<br>» Да истражувам и да обезбедам информации и можности кои ќе ги подобрат условите на ранливите поединци или групи. |
| **Јас мислам...** | » Рационално во однос на тоа што сум инклузивен, толерантен и отворен кон различностите во себеси и кај другите. |
| **C8 Почитување на приватноста** | **Почитување и обезбедување права на младите кои се однесуваат на приватност, доверливост и самостојност.** |
| **Јас разбирам...** | » Важноста на доверливоста и самостојноста кога се работи со млади луѓе.<br>» Барањата за приватност на податоците, вклучително и организационата “политика на приватност” и процедурите за прибавување и споделување на било какви лични податоци.<br>» Како да превземам дејствија и да барам совет, во случај на било какво прекршување на барањата за податоци. |
| **Јас можам...** | » Да употребам организациони системи за да ги заштитам дигиталните/онлајн уреди и било кои физички докази кои содржат лични податоци.<br>» Да ги информирам младите луѓе за заштита на нивната приватност, доверба и самостојност.<br>» Да ги информирам членовите на тимот или колегите на кој начин да ги користат организационите барања за приватност, доверливост и самостојност во младинското инфромирање. |
| **Јас мислам...** | » Почит кон приватноста на младите, нивната приватност и самостојност. |

| | |
|---|---|
| **А3. ДОСТАПНОСТ и КОМУНИКАЦИИ** | Работниците за младинско информирање треба да имплементираат ефективни комункациски активности за да изградат врски со младите и за максимално да го зголемат влијанието и достапноста на нивните услуги. Овие способности се фокусираат на лична комуникација, како и употребата на мултимедијални алатки и канали за да се обезбеди влијание и достапност на улугите за младинско информирање.<br><br>Стекнатите резултати се изразени во форма на знаења ( јас разбирам...), вештини ( јас можам...), и ставови ( јас мислам...). |
| **С9 Градење на односи** | **Обезбедување поддршка и информации на личен, ангажиран начин за да се осигураме дека ќе се слушне гласот и мислењето на младото лице, дека истото ќе се чувствува вклучено и безбедно.** |
|  Јас разбирам... | » Техниките за интеракција која нуди поддршка и еманципација, како и дијалог со поединечни млади лица и групи.<br>» Улогата на емпатијата и себе-емпатијата во разбирањето на чувствата на другите, како и неговите искуства и перспектива.<br>» Улогата на себе-набљудувањето, вклучително и свесноста за себеси, набљудувањето на одговорите и целите во градењето на позитивни врски. |
| Јас можам... | » Да креирам и овозможам топла, пријателски настроена и безбедна средина.<br>» Да развијам и одржувам позитивен однос со секоја млада индивидуа.<br>» Да го прилагодам стилот на комуникација и говорот на телото за успешно да се поврзам со секоја млада личност.<br>» Да ја менаџирам секоја конфликтна ситуација на смирен начин, и да најдам компромиси кои ќе одговараат на потребите на сите засегнати страни. |
| Јас мислам... | » Обврзан да изградам позитивни врски со секоја младо лице, во безбедна средина каде чувствата и емоциите можат да бидат изразени слободно и смирено. |

| | |
|---|---|
| **C10 Ефикасна комуникација** | **Употреба на иновативни, ефективни и соодветни начини за комуникација, во креирањето и доставувањето на атрактивни и прецизни информации до младите луѓе.** |
| **Јас разбирам...** | » Медиумската и информациската писменост за креирање и доставување на соодветни, интересни информации и комуникацијата насочена кон младите луѓе.<br>» Содржајно создадените правила кои вклучуваат и авторски права и лиценцирање.<br>» Netiquette (неЕтикетирање-соодветното онлајн однесување), и како да се заштитат личните информации онлајн. |
| **Јас можам...** | » Да креирам и имплементирам комуникациски активности, веб-страни и публикации во склад со организационите цели и приоритети.<br>» Да пишувам јасна, насочена, концизна содржина, и вербално да пренесам информации (се подразбира и странски јазици каде што е возможно) за различни групи на млади луѓе.<br>» Да учествувам во создавање и распространување комуникациски материјали во партнерство со младите луѓе. |
| **Јас мислам...** | » Мотивирано да комуницирам и пренесувам информации до младите луѓе на интересен и поттикнувачки начин. |
| **C11 Соработка и мрежи** | **Проактивно идентификување и развој на поддршка, мрежи и можности за соработка со други релевантни служби и засегнати страни.** |
| **Јас разбирам...** | » Потребата за соработка и споделување на изворите помеѓу службите, заради поддршка на младите луѓе.<br>» Лепезата на засегнати страни, актери и системи на локално, регионално и национално ниво кои работат во интерес на младите.<br>» Потенцијалот за синергија и ко-соработка помеѓу младинските инфо центри, и другите служби кои работат за интересите на младите луѓе на локално, регионално, национално и меѓународно ниво. |
| **Јас можам...** | » Да идентификувам можности за соработка, да иницирам контакти и да развијам и одржам работни односи со релевантни центри, организации и засегнати страни.<br>» Да развијам комуникација, и да пишувам јасни и прецизни содржини за засегнатите групи (на странски јазици, каде што е потребно)<br>» Каде што е соодветно, да ја застапувам организацијата, профилот и интересите на младинското информирање, вклучително и јавно говорење, проекти и вмрежување. |
| **Јас мислам...** | » Задоволен од стекнатата вредност на нови партнерства и можности за соработка, и мотивиран сум да превземам претставителни и обврски поврзани со мрежата. |

| **C12 Достапност** | **Имплементирање ефикасни, иновативни, достапни стратегии во центрите за младинско информирање, како истите би привлекле што е можно повеќе млади луѓе.** |
|---|---|
| **Јас разбирам...** | » Како да користам канали на комуникација, да ги вклучам засегнатите страни (се однесува и на младите) и влијателни луѓе (вклучително амбасадори) за да се извлече максимумот во достапноста и свесноста за центрите за младинско информирање.<br>» Како да развијам и одржам мрежа на податоци за засегнатите страни, и да управувам со нивната присутност.<br>» Како да поставам цели за достапност, да го набљудувам влијанието, и да работам на резултатите за да ја подобрам достапноста. |
| **Јас можам...** | » Да дизајнирам и спроводим комуникационе активности у складу са организационим циљевима и приоритетима.<br>» Јасно да обавијестим шире циљне групе о сврси и додатној вриједности омладинских информативних сервиса.<br>» Редовно да мапирам просторе и окружења како би се допрло до младих. Ја могу да идентификујем и да се повежем са другим релевантним комуникационим кампањама и онлајн трендовима како би се повећали видљивост и утицај. |
| **Јас мислам...** | » Посвећеност да осигурам доступност, видљивост и атрактивности омладинских информативних сервиса што већем броју младих људи, посебно младима који су рањиви и младима који имају мање могућности. |



eryica

european youth information
and counselling agency

eurodesk



eryica.org
eurodesk.eu

ISBN 978-2-919810-62-8

9 782919 810628